Македонска Авторска Агенција
Makedonska Avtorska Agencija
Трговско друштво за заштита на авторски и сродни права Македонска Авторска Агенција ДОО - Скопје
Бул. Кочо Рацин 14 • п.фах 148 • тел. + 389(0)2-3114-655, факс + 389(0)2-3215-841 • ж-ска 300000000020891
Trgovsko društvo za zaštita na avtorski i srodni prava Makedonska Avtorska Agencija DOO - Skopje
Bul. Koco Račin 14 • p.fax 148 • tel. + 389(0)2-3114-655, fax. + 389(0)2-3215-841 • ž-ska 300000000020891

Предмет: Понуда за регистрација на авторско дело

Почитуван/а,

Во врска со вашето барање за заштита и депонирање на авторско дело во нашата Агенција би сакале да Ве информираме за следното:

1. Потребно е да ни биде доставено барање со следните податоци:
- Назив на авторското дело или работен наслов;
- Краток опис на авторското дело;
- Податоци за авторот/ите (име, презиме, ЕМБГ (лична карта));
- Податоци за носителот на авторските права (точен назив и седиште на правното лице).
2. Депонирање на делото: Истото потребно е да биде доставено на траен медиум во електронска верзија ( ЦД/ УСБ) во 2 истоветни примерока.

Доколку барањето е поднесено од повеќе автори или правно лице, потребно е да се достави изјава за заеднички претставник кој ќе го депонира делото. Оваа изјава ја потпишуваат сите лица наведени како автори, со назначување на едно од тие лица како нивен заеднички претставник во постапката за регистрација пред Агенцијата.

Доколку носител на правото е правно лице потребно е да се достави изјава од авторите во која ќе биде наведен правниот основ како и согласност да не бидат назначени на документот за регистрација.

Доколку одлучите да го депонирате авторското дело (или предмет на сродни права) во нашата Агенција, очекувајте едноставна и брза постапка која ќе трае не повеќе од 3 дена од датумот на поднесување на соодветното барање. На крајот на постапката, Агенцијата на барателот му издава документ за регистрација, со кој Агенцијата потврдува дека го примила делото. Во истиот се наведува називот/работниот наслов на делото, формата и видот на делото, како и информации за тоа кој е автор и кој е носител на правото.

Ви стоиме на располагање доколку ви се потребни дополнителни информации.

Со почит,
Македонска Авторска Агенција ДОО
Управител
Јасмина Наскова